Врз основа на член 31-б став (7) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 250/25), министерката за образование и наука донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КАРИЕРНОТО СОВЕТУВАЊЕ И ИЗБОР НА КАРИЕРЕН СОВЕТНИК НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Член 1**

Во Правилникот за начинот на кариерното советување и избор на кариерен советник на учениците со бр.13-5853/4 од 10.06.2025 година, во член 7 по ставот 3 се додаваат три нови ставови 4, 5 и 6, кои гласат:

„Кариерниот советник е обврзан во рамките на континуираното стручно усовршување да посвети најмалку 40 часа на обуки во текот на три учебни години.

Средствата за обуките од ставот 4 на овој член, се обезбедуваат во буџетот на Бирото, единиците на локалната самоуправа и преку образовни проекти одобрени од Министерството за образование и наука.

Акредитацијата на програмите за обука од ставот 4 на овој член, го врши Бирото за развој на образованието, согласно со Законот за Бирото за развој на образованието.“

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр. 13-7158/2
2026 година
Скопје
22 MAY 2026

**Министерка за образование и наука,**
**проф. д-р Весна Јаневска**